СТАНЕТЕ НАДВОРЕШЕН СОРАБОТНИК НА PRIVATEPRINT

Што е тоа

Надворешните соработници оформуваат специфична мрежа на индивидуалци и колективи околу PrivatePrint Studio кои имаат пристап до инфраструктурата, капацитетите и ресурсите на студиото и работат со нашиот тим за да ги реализираат своите проектни идеи преку нашата институционална рамка.

Оваа можност е отворена за локални и меѓународни културни работници, истражувачи, активисти и уметници, кои ќе можат да ги замислат, развијат, пишуваат и спроведуваат своите проекти; да соработуваат и да се поврзат со други соработници или со нашиот тим за да ги доусовршат своите проекти; и да имаат корист од нашата инфраструктура и мрежа на соработници.

Цел ни е да изградиме силна заедница на поединци и колективи што се поврзуваат, соработуваат и ги претвораат своите идеи во реалност.

Како да станете соработник

Можете да станете соработник:

- По директна покана од наша страна
- Да ни упатите барање за да станете соработник

Во двата случаи, треба да ни испратите документ со вашата биографија и краток план за вашиот ангажман како соработник >> Образец за Формуларот за апликација и план (на следната страница)

Откако ќе го оцениме вашиот план, во согласност со нашите цели и активности, ќе потпишеме Договор за соработник, врз основа на следните правила и услови:

ПРАВИЛА И УСЛОВИ

Временска рамка

Соработниците се избираат за период од три години, со можност да го продолжат својот ангажман.

Продолжувањето на ангажманот се врши на основа на состанок за проценка на кој заеднички ќе одлучиме дали соработката ќе биде продолжена, по што надворешниот соработник поднесува нов план.

Општи услови

Соработникот активно замислува, развива, пишува и реализира проекти за соработка со PrivatePrint Studio.

Соработникот конципира и предлага најмалку два проекта во текот на еден договорен период.

Соработникот и PrivatePrint Studio прават повремена евалуација на соработката најмалку еднаш годишно на закажан состанок.

Соработникот е добредојден да ги користи капацитетите на PrivatePrint Studio преку заедничка работа.

Соработникот се охрабрува да учествува на состаноци, работни групи и други активности организирани од PrivatePrint Studio и може да предложи свои слични активности.

Програмите развиени и предложени од соработникот треба да бидат во рамките на програмата PrivatePrint Studio, да бидат одобрени од PrivatePrint Studio и, кога е соодветно, да ги користат ресурсите и инфраструктурата на студиото.

Ако соработникот бара експертиза што тимот на студиото и соработниците можат да ги понудат, тие треба да ги ангажираат во нивните предлози за проекти; ако не е поинаку договорено.

Соработникот, во рамките на оваа соработка, му предлага на PrivatePrint Studio концепт, проектна идеја и план за реализација. Овој предлог треба да биде одобрен од Студиото и да се спроведе во неговата институционална рамка.

Соработникот не смее да аплицира во име или да се повикува на PrivatePrint Studio на каков и да е отворен повик, барање за соработка или финансирање или во која било друга официјална или правно обврзувачка комуникација.

Предложените проекти развиени од соработникот во рамките на оваа програма не можат да бидат понудени на други правни или физички лица, предложени на други конкурси или имплементирани на кој било начин без писмено одобрение од PrivatePrint Studio.

Доколку проект предложен од соработникот добие финансирање:

- Студиото PrivatePrint ќе потпише правно обврзувачки договор за конкретниот проект со соработникот.
- Студиото PrivatePrint е законски одговорно за проектот и ги следи нашите практики на менацирање.
- PrivatePrint Studio има удел во идејно остварување на проектот, во согласност со својата програма.

Соработникот е обврзан да ги почитува интерните документи, стратегии и вредности на PrivatePrint Studio и не смее да ги прекршува на никаков начин во предложените проекти, ниту во која било друга јавна комуникација која го имплицира студиото.

Соработниците се дел од мрежата и заедницата на PrivatePrint Studio и можат да бидат вклучени во активности и други проекти на студиото.

Раскинување или продолжување на договорот

- Периодот на договорот може да се продолжи по состанок за проценка и заемно се решава дали истиот ќе биде продолжен или не.
- Договорот може да се раскине пред истекот на неговиот рок доколку се утврди дека соработникот не ги почитува правилата и условите на соработката.
- Соработникот може да ја откаже соработката со претходно писмено известување до студиото.

Видливост

- Здружението ќе одржува јавна листа на соработници на својата интернет страница, вклучувајќи го името, фотографија и периодот во кој соработникот е дел од оваа платформа.
- Студиото ќе споделува информации за соработката на својата интернет страница, социјални профили, а ќе споделува и информации за други избрани проекти на соработникот, за што тие заеднички би се договориле.
- Соработникот ќе споделува за соработката на неговите социјални профили, интернет страница и портфолио и се охрабрува да ги споделува и другите активности на студиото кои би биле од интерес за неговата заедница.

ОБРАЗЕЦ

ФОРМУЛАР И ПЛАН ЗА АПЛИКАЦИЈА ЗА НАДВОРЕШЕН СОРАБОТНИК

Вашата апликација треба да ги содржи информациите наведени во овој образец. Можете да го икопирате текстот во посебен документ, да ги пополнете вашите информации и одговори, по потреба, да додадете прилози на визуелен материјал, извадоци или што било друго што сакате да го споделите за да го илустрирате вашиот план и да ни го испратите на info@privateprint.mk.

Ве молиме внимавајте апликацијата да не надминува 5 MB; затоа, ако испраќате потешки материјали, препорачуваме да ги испратите преку линк.

Имајте на ум дека овој план ни овозможува да ја видиме вашата насока и како ја замислувате соработката во рамките на оваа програма. Овој план не мора да вклучува конкретни проектни идеи, развиени концепти и слично.

ЗА АПЛИКАНТОТ

Име и презиме:

Информации за контакт
(според тоа како сакате да бидете контактирани, е-пошта/телефонски број):

Професионална биографија (макс. 150 зборови):

Линк до интернет страница или листа на претходни проекти:

МОТИВАЦИЈА

Зошто сакате да станете соработник? (макс. 150 зборови)

ПЛАН НА ДОГОВОРНИОТ АНГАЖМАН

Доколку станете наш соработник, вашиот ангажман ќе трае три години, следејќи ги општите услови на оваа програма. Споделете со нас каква програма планирате да развиете во рамките на оваа платформа.

Кои се вашите полиња на интерес?

Во кои форми најчесто работите и во кои би сакале да развивате проекти (образовни програми, уметничко истражување, општествено ангажирани културни истражувања итн.)?

Наведете ги методологиите за нивна реализација (план на можни отворени повици, можни соработки со други субјекти, други методи за реализација).

Доколку имате некоја посебна идеја или концепт за проект, можете исто така да ја споделите со нас.

BECOME A PRIVATEPRINT ASSOCIATE

What it is

The associates form a specific network of individuals and collectives around PrivatePrint Studio that have access to the Studio's infrastructure, facilities, and resources and work with our team to realize their project ideas under our institutional framework.

We welcome local and international cultural workers, researchers, activists, and artists to conceive, develop, write, and carry out their projects; collaborate and network with other associates or our team to advance their ideas; and benefit from our infrastructure and network of collaborators.

Our goal is to build a strong community where people connect, collaborate, and turn their ideas into reality.

How to become an Associate

You can become an Associate if:

- We invite you directly
- You apply to become an Associate

In both cases, you will need to send us an application with your biography and a short plan of your engagement as an Associate >> Associate Application Form and Plan Template (next page)

After we assess your Plan and find it in view with our Goals, Activities, and Purpose, you will need to sign an Associate Agreement, according to the following rules and conditions.

RULES AND CONDITIONS

Timeframe

The Associates are chosen for a period of three years, with the opportunity to continue their engagement.

To continue the engagement for another three years, we will meet to assess the collaboration, and then the Associate can submit a new Associate Plan.

General conditions

The Associate actively conceives, develops, writes, and realizes collaborative projects with PrivatePrint Studio.

The Associate conceives and proposes at least two projects during one agreement period.

The Associate and PrivatePrint Studio asses their cooperation at least once a year at a scheduled meeting.

The Associate is welcome to use the facilities of PrivatePrint Studio in a coworking and collaborative manner.

The Associate is encouraged to participate in meetings, working groups, and other activities organized by PrivatePrint Studio and can propose their own such activities.

The programs developed and proposed by the Associate should be in the framework of PrivatePrint Studio program, approved by PrivatePrint Studio, and when appropriate, to use the resources and infrastructure of the Studio.

If the Associate requires expertise that the studio team and collaborators can offer, they need to engage them in their project proposals; if not, otherwise, they are agreed upon.

The Associate proposes a concept, project idea, and a plan for realization to PrivatePrint Studio. The project proposal needs to be approved by the Studio and carried out within its institutional framework.

The Associate must not apply in the name of or refer to PrivatePrint Studio in any application, request for cooperation or funding, or in any other official or legally binding communication.

The proposed projects developed by the Associate within this program cannot be offered to other legal or natural persons, proposed at different competitions, or implemented in any manner without PrivatePrint Studio's written approval.

If a project proposed by the Associate receives funding:

- PrivatePrint Studio will sign a legally binding contract for the concrete project with the Associate.
- PrivatePrint Studio is lawfully responsible for the project and follows our managing practices.
- PrivatePrint Studio has deciding input in the conceptual realization of the project to fit our program.

The Associate is obliged to respect the internal documents, strategies, and values of PrivatePrint Studio and must not violate them in any way in the proposed projects nor in any other public communication that implies PrivatePrint Studio.

The Associates are part of the network and community of PrivatePrint Studio and can be included in activities and other projects of the Studio.

Termination or extension of the agreement

- The agreement period can be extended after an assessment meeting and with mutual consent by the Associate and the Studio.
- The agreement can be terminated before the expiration of its term if it is found that the Associate does not respect the rules and conditions.
- The Associate can cancel the cooperation with prior written notification to the Studio.

Visibility

- The Association will maintain a public list of Associates on its website page, indicating the name, photo, and the period during which the Associate is part of this platform.
- The Studio will share information about the collaboration on its website and social profiles, and will also share information about other selected projects of the Associate, as they would mutually agree on.
- The Associate will actively share about the collaboration on his social profiles, website, and portfolio, and is encouraged to share other activities of the Studio with their community.

TEMPALTE

ASSOCIATE APPLICATION FORM AND PLAN

Your application should include the following information. Please copy the text in a separate document, fill it with your information, add addachments of visual material, excerpts, or anything else you would like to share to illustrate your plan, and send it to info@privateprint.mk.

Please ensure the application does not exceed 5 MB; therefore, if you are sending bigger files, we recommend sending them via a link.

Keep in mind that this plan lets us know your direction and thoughts on how you imagine the collaboration within this program and through our support. This plan does not have to include concrete project ideas, developed concepts, and similar.

ABOUT THE APPLICANT

Name:

Contact info
(how you wish to be contacted, email/phone number):

Professional Bio (max. 150 words):

Link to a website or a list of previous projects:

MOTIVATION

Why do you wish to become an Associate? (max. 150 words)

PLAN OF THE ENGAGEMENT

If confirmed, you will be an Associate for three years, according to the general conditions of this program. Please share with us what you have in mind for a program you would like to develop within this platform.

What are your fields of interest?

What forms do you usually work in, and would you like to develop projects in (educational programs, artistic research, socially engaged cultural research, etc.)?

List the methodologies of their realization (plan of potential open calls you would like to explore, possible collaborations with other entities, other methods for the realization).

If you have any particular idea or concept for a project, you can also share it with us.